# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР

**Член 1**

Во Законот за Централен регистар („Службен весник на Република Македонија“ број 50/2001, 49/2003, 109/2005, 88/2008, 35/11, 43/14, 199/14, 97/15, 153/15, 27/16 и 83/18), во членот 1, во членот 5 став 3, во членот 6 ставови 1 и 2 точка 1), во членот 7 став 1, во членот 18, во членот 18-а ставови 1 и 2, во членот 26 ставови 3 и 4 и во членот 28 зборовите: „Република Македонија” се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија”.

**Член 2**

Во член 28-а ставовите 2, 3, 4, 5 и 6 се бришат.

**Член 3**

Во член 28-б во ставот 1 по зборовите: „за прекршоците” се додаваат зборовите: „во износ до 1.000 евра во денарска противвредност”.

По ставот 1 се додаваат два нови става 2 и 3, кои гласат:

„За прекршоците над 1.000 евра во денарска противвредност прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

Пред поведување на прекршочната постапка за прекршоците од овој закон, овластеното службено лице во Централниот регистар на сторителот на прекршокот му дава предлог за порамнување со издавање на прекршочен платен налог.”.

Ставовите 2, 3, 4, 5, 6 и 7 стануваат 4, 5, 6, 7, 8 и 9.

**Член 4**

Во членот 29 став 1 зборовите: „3.000 евра” се заменуваат со зборовите: „2.000 до 3.000 евра”.

Во ставот 3 зборовите: „30% од одмерената глоба на Централниот регистар” се заменуваат со зборовите: „500 евра во денарска противвредност”.

**Член 5**

Започнатите прекршочни постапки до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе завршат според Законот за Централен регистар („Службен весник на Република Македонија“ број 50/2001, 49/2003, 109/2005, 88/2008, 35/11, 43/14, 199/14, 97/15, 153/15, 27/16 и 83/18).

**Член 6**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.